



**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

ООУ”Гоце Делчев” – Василево, општина Василево

за период од 2022 до 2024 година

Ноември 2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | Гоце Делчев |
| Адреса | Василево бр.36 |
| Телефон, е-пошта | oougd_vasilevo@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Март-Ноември |
| Број на ученици во училиштето | 638 |
| Број на подрачни училишта | 7 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Виктор Христов |
| Потпис | |
| Датум | 10.12.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Александра Постолов |
| Потпис | |
| Датум | 10.12.2024 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма на училиштето учебна 2022/2023 и 2023/2024;<br><br>Закон за основно образование;<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Програма за Професионален развој;<br><br>Записници од наставнички и одделенски совети;<br><br>Годишни и тематски планирања по наставни предмети и дневни планирања за учебна 2022/2023 и 2023/2024 година;<br><br>Формулари за следење наставни часови;<br><br>Интервју со стручната служба; | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, со процент на реализација над 98%. Разликите што се присутни се однесуваат на неможноста за реализација на некои часови (пр.:посета на институции оддалечени од селото, мал број на ученици во паралелките,. Наставните планови и програми се според новата Концепција за основно образование и тоа во учебната 2022/2023 година се опфатениI, II, IV и VI, од VII до IX одделение се реализраа настава по стара програма. Во учебната 2023/2024 се опфатении III и VI одделние додека VII,VIII и IX се реализираа настава според старата наставна програма.<br>Програмите се реализираат со сите ученици, но барањата се прилагодуваат спрема способноста на учениците. Предметите кои се предаваат од прво до деветто одделение се задолжителни и донесени од Министерството, а учениците можат да бираат само изборни предмети.<br>Во анкетата која е спроведена со Прашалник за наставен кадар анкетирани се 65 наставници и се имаа изјаснето:<br>**Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники напланирањенанаставата**-Поголем број од наставниците се согасуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и теники при планирање на наставата<br>Во текот на наставната година најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна на директорот, стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. Има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Стручната служба има изготвено формулари во кои има дескриптори според кои следи конкретни часови, определени по распоред насекојоднаставниците.Часовите ги следат:педагогот, психологот, директорот и заменик директорот. На прашање од анкета одговорено е:<br>**Директоротистручнатаслужбагиследатмоитепланирањанајмалкудва пати во полугодието** од 65 анкетирани наставници - Поголем број од |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за наставенкадар<br><br>Интервјусо директор<br><br>Чек листи за следење на часови;<br><br>Стручнаслужба (годишни извештаиза изминатите две учебни години);<br><br>Стручни активи (записници од одржани состаноци на актив);<br><br>Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања).<br><br>Годишна програма на училиштето; | | наставниците целосно се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.<br>Службата дава повратна информација на наставниците преку консултативни разговори со јасни насоки кои работи треба да се променат, а кои работи се добри.Во прашалникот за наставен кадар-1.3 Добивам поддршка од директороти /или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети анкетираните (65) наставниците се изјаснија- Поголем број од наставниците се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирање за мојо тнаставен предмет.<br>Во рамките на активите, се одржуваат состаноци во кои наставниците ги споделуваат искуствата и имаат консултативни средби и во рамките на подактивите. Во прашалникот за наставен кадар по прашањето 1.4 Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањето на часовите, најмалку два пати во полугодието од 65 анкетирани наставници добиен е следниот одговор - 1.4 Поголем број од наставниците се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку 2 пати во полугодие.<br>Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>Според интервјуто на фокус–група на наставници училиштето треба да одбира кои обуки да ги спроведе преку анкети на наставниците кои треба да се изјаснат кои обуки ним им се потребни (да се земат предвид различните потреби од обуки) и преку анализа на планот за личен развој. |
| Состаноци на стручни активи;<br><br>Тим за професионален развој;<br><br>Наставници (годишнипрограми, неделни и дневни планирања);<br><br>Обуки; | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.<br>Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размена на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. Според годишната програма на активот за одделенска настава во текот на годината одржани се 5 состаноци.<br>Активот на предметни наставници одржал 10 состаноци за една учебна година. Професионалниот развој подразбира секојдневно професионалено и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способностии стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Активностите за професионален развој освен |

| | | |
|---|---|---|
| Консултативни средби;<br><br>Соработка на ниво на подактиви;<br><br>Прашалник за наставен кадар | | од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој. Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Закон за основно образовние;<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Наставници;<br><br>Стручна служба;<br><br>Интервју со психолог;<br><br>Интервју со директор;<br>Прашалник за наставен кадар;<br><br>Електронски дневник; | Реализација на наставни планови и програми | Законот за основно образование децидно ги пропишува критериумите и начинот на остварување на воспитно-образовната дејност. Законот за основно образование и правилниците за работа се Национални документи кои се донесени во согласност на МОН и БРО и ја претставуваат законската рамка во која работи училиштето, наставниот кадар и по кои се одвива воспитно- образовната дејност.Статутот подетално ја регулира работата на училиштето. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата,а наставниците индивидуално ги изработуваат. Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН,според кој потоа се планирара според работата на почетокот на учебната година. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем.Во случај на отсуство на наставник (породилно отсуство,боледување или сл.)наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Директорот на училиштето обезбедува непречен наставенпроцес. Кога некој од колегите е отсутен, се обезбедува соодветна замена. Стручната служба пред почетокот на наставната година ги проверува годишните планирања на наставниците, ги дополнува и изменува онаму каде што е потребно и дава насоки како да се подобрат. Стручната служба и одделенските раководители го следат внесот на податоци во електронските дневници и алармираат кај колегите кои заостануваат со пишувањето. Од записниците на одделенските совети и родителските средби се констатира континуираната грижа за учениците,реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и локалната средина. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Директор;<br><br>Стучна служба;<br><br>Водич на слободни изборни предмети;<br><br>Годишна програма;<br><br>Прашалник за родители;<br><br>Прашалник за ученици; | Избор на наставни предмети | Наставните предмети кои се задолжителни се реализираат според Наставниот план кој е пропишан од МОН и БРО според Концепција за основно образование и Кембриџ програмата (7, 8 и 9) во учебната 2023/2024 година. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштетово кои се содржани интересите на учениците.<br>Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците. Според тоа се прави распоредот за наставниците.<br>Во интервјуто со фокус-групата со ученици најголемиот дел од учениците се изјасниле дека имаат можност да изберат предмет,<br>На исказот: **Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети. во кои учествувам според моите интереси** - поголем дел се изјасниле дека целосно се согласуваат.<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштетово кои се содржани интересите на учениците.<br>Во анкетата во која се анкетирани 57 родители добиени се следните резултати:<br>Најголем број од родителите потполно се согласија дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.<br>Поголем број од родителите се запознаени со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности.<br>Поголем број од родителите целосно се согласуваат дека изборните предмети/активности нивното дете ги има изберено согласно своите интереси<br>Во анкета се анкетирани 97 ученика од четврто до деветто одделние и добиени се овие резултати:<br>**На часовите имам можност да учам на различни начини(на пр.преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)** Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат можност да учат на различни начини.<br>**Сам/ сама ги имам избарано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси**–поголем дело д учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна приручна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како:искуствено учење, учење преку проект,учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br>Дегектологот на училиштето дава поддршка на наставниците приизработка на ИОП и низ консултативни средби. Во одделенијата со ученици со посебни потреби се вклучува по потреба во образовниот процес. Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. |
| Наставници;<br>Стручна служба;<br>Интервју со дефектолог<br>План за слободни ученички активности;<br>Воннаставни активности;<br>Анкета за ученици;<br><br>Прашалник за наставен кадар<br>Фокус група на наставници<br>Програма на инклузивентим;<br>Интервју со дефектолог;<br>ИОП; | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање,почитување,соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br>Во анкетата за ученици најголем дел од учениците велат дека на часовите можат да кажат слободно што мислат. Најголем дел од учениците велат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд.<br>Во прашалникот за наставници, наставниците се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив.<br>Во разговорот со фокус-групи произлезе дека наставниците имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата.<br>Најголем број од учениците одговориле дека часот се одвива во пријатна атмосфера,но потребно е почесто да се применуваат поразлични методи и техники на работа. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за наставен кадар<br>Индивидуален план за подобрување на Инклузивноста во училиштето;<br>Мислење за ученик со ИОП од страна на Стручната служба;<br>Евалуации од страна на наставниците за ИОП на ученик со посебни образовни потреби.<br>Акциски план Тимот за | | ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. За учениците кои се категоризирани се изготвуваат ИОП, додека со останатите ученици кои што имаат тешкотии во совладувањето на наставниот материјал се работи преку прилагодувањето на формите и методите за работа. Две ученички (второ и шесто одделение) учат со помош на образовен асистент. Во училиштето има вработен и дефектолог кој им пружа дополнителна поддршка на учениците со попреченост.<br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот.<br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br>Училиштето располага со мал број на асистивна технологија. Дел од кадарот не е обучен да работи со асистивна техологија, вклучувајќи го и стручните соработници, дефектолог.<br>Училиштето има рампа за помош на ученици со физичка попреченост, но во во уличиштето нема ученици со физичка попреченост. .Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички попречености. |
| Училишна интеграција;<br>Интервју со координаторот на тимот за меѓуетничка интеграција;<br>Меморандуми за соработка;<br>Извештаи од реализирани МИО активности;<br>Прашалник за наставен кадар;<br>Интервју со фокус групи на наставници; | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следењена реализацијатана активностите за МИО планирани во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Мал број од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план, а најголем број дека се согласуваат со таа изјава. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по три во рамките на нивните предмети. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетен лист;<br><br>Атмосферата во училницата;<br><br>Индивидуални усни разговори со наставници и ученици;<br><br>Разговор со Стручна служба. | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес заучење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br>Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.<br>Учениците заеднички работат на различни проекти,во и надвор од наставата, во групи со хетерогенсостав. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.<br>Изработените ученички трудови се изложуваат на ѕидовите на училниците, пано, а во холот на училиштето, видеопрезентации, официјалната и фејсбук страна на училиштето, ликовни изложби, литературни читања, ѕидни весници што се организираат тековно во годината по обработка на определени теми, ликовни изложби по повод одбележување на значајни датуми, како што се Детската недела, Неделата за одбележување на денот на љубезноста и толеранцијата, Нова Година, Велигден, работилница за 8-ми март,Денот на мајчиниот јазик, 21 Март<br>Ден на пролетта и ден на еколошки акции, Денот на шегата,Патрониот празник.<br>на училиштето 4 мај, 24 Мај–Ден на словенските просветители, Новогодишни хуманитарни активности. Изложените трудови подеднакво ги претставуваат и двата пола. Не се прави разлика ниту по национална основа, но се забележува дека при изложувањето на трудовите на изложбите организирани по значајни датуми најчесто се изложуваат најуспешните и највредните.<br>Во тежнеење да се спроведе активната настава (активно учење) интерактивно се позастапени методите со кои се вклучуваат учениците во самостојно учење и осознавање. Учениците главно се мотивираат да преземат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да учествуваат во учењето и наставата, со |

| | | |
|---|---|---|
| | | тоа што активно учествуваат на часовите во усвојување на нови знаења до презентирање на делови однови содржини или цели содржини. Изработуваат проекти (македонски јазик), плакати (математика), ѕидни весници (иновации), истражувања за одредена проблематика (биологија), изнаоѓање и прибирање на разновидни податоци од секојдневниот живот (македонски јазик, физика, географија), од средината во која живеат. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Преку новинарскиот клуб „Омнибус“ учениците ја искажуваат својата креативност и поттикнуват интерес кај други ученици.<br>**1.9 Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете-**<br>Поголем број од родителите се изјасниле дека училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за нивното дете.<br>**1.10 Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење** (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели) – голем број од родителите се изјасниле дека нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење(на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) |
| Анкетен лист;<br>Атмосферата во училницата;<br>Индивидуални усни разговори со наставници и ученици;<br>Разговор со стручна служба. | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Стручнитесоработнициволсоработкасонаставниоткадар,напочетокотнаучебнатаг одина,преку прашалници ги идентификуваат учениците со потешкотии и надарени и талентирани ученици. Учениците кои имаат документ од МКФ се ученици кои се категоризирани и работат со ИОП, кој го изготвуваат наставниците во соработка со стручните соработници.Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Методи и форми за оценување;<br>Разговор со претставници на стручнатаслужба; | Училишна политика за оценување | Оценувањето се врши според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето. Членовите на Стручната служба се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користат предвидените методи и форми и дека тој процес сеспроведува според дадени критериуми. Наставниците го користат и методот на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците како и ученички портфолија за секој ученик (95%). |

| | | |
|---|---|---|
| Програма заработа на училиштето<br>Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>Интерен правилник за оценување;<br>Увид во педагошката евиденција и документација;<br>Користените инструменти за оценување;<br>Користење на Информациите од оценувањето во наставата;<br>Записници од стручните активи, наставничкиот совет;<br>Интервју со директорот и стручната служба;<br>Анкети/интервјуасо учениците, наставницитеи родителите;<br>Инструменти за индивидуални и разни начини за проверка | | Учениците и родителите редовно се информирани за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е–дневники во Главна книга, кои се водат редовно и навремено (97%). Давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот, а исто така и учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори е мотивирачко за поголеми резултати и подобар кариерен развој на наставниците. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Голем број од наставниците ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати. Голем број од наставниците на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Голем број од наставниците ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките. Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат.<br>- Поголем број од наставниците се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците.<br>- Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена.<br>-Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оцена.<br>- Поголем број од учениците се изјасниле дека оценувањето на сите ученици е праведно.<br>- Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците редовно ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување.<br>- Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата.<br>- Голем број од наставниците одговорил дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати.<br>-Голем број од наставниците одговориле дека редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд.<br>- Голем број од наставницитеим кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.<br>- Голем број од наставниците се изјасниле дека на учениците им даваат насоки |

| | | |
|---|---|---|
| | | како поуспешно да учат.<br>-Голем број од наставниците се изјасниле дека редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето (самооценување, меѓусебнооценување, градење критериуми и сл.).<br>- Голем број од родителите се изјасниле дека наставниците ги пофалуваат нивните деца за вложениот труд.<br>- Голем број од родителите се изјасниле дека наставниците даваат насоки како нивното дете подобро да учи. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа;<br><br>Програми за воннаставни активности;<br><br>Дневни подготовки и планови за реализација на воннаставните содржини;<br><br>Дневници за работа;<br><br>Програма за соработка со локалната заедница<br><br>Програма на ученичката заедница;<br><br>Програма за здавствена заштита и и општествено корисна работа; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација.<br>Училиштето се грижи за задоволување на потребите на учениците од аспект на учество на натпревари и конкурси во земјата и надвор, културни и рекреативни активности;<br>Во изготвувањето на програмата учествуваат и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи.<br>Во годишната програма исто така се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците.<br>При реализацијата на воннаставните активности се изработуваат и дневни подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите.<br>Во реализацијата на планираните активности учествува и ЕЛС со свои претставници во зависност од полето на активноста.<br>Програмата за соработка со локалната заедница се реализира заедно со Службите во општината и се однесува на: одбележување на значајни датуми, локални манифестации, културни настани, посети, јубилеи и др.<br>Соработката со локалната заедница се реализира и на институционално поле преку посети и редовна соработка со институции од обласна на Здравството, Труд и социјална политика, Дом на културата и други институции значајни за секојдневното живеење.<br>Грижата за здравствената заштита на учениците се остварува преку редовни превентивни систематски прегледи во Стоматолошката амбуланта. Здравен дом - Струмица, систематски прегледи во Здравствен дом во Струмица активности со Црвен Крст и едукативни предавања на теми од областа на здравствената |

| | | |
|---|---|---|
| | | заштита.<br>Советот на родители е вклучен во планирање и реализација на вонаставните активности преку своја програма за работа во која се предвидени истите и во корелација со претставници во Советот од секоја паралелка како и од посебните паралелки во училиштето.<br>Во училиштето се спроведуваат различни вонаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, училишни спортски клубови, секции, акции од хуманитарен карактер, детски организации. Сето тоа влегува во годишната програма за работа во училиштето.<br>Поголем број од наставниците се изјасниле дека планот за вонаставни активности го изготвуваат заедно со учениците.<br>Поголем број од родителите се изјаснил дека училиштето нуди избор на различни вонастани активности (клубови, проекти и сл.)<br>Поголем број од родителите се изјасниле дека нивното дете е вклучено во вонаставни активности, според неговиот интерес. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонаставните активности | Се планираат и реализираат заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности, екскурзии и сл.<br>Ученичката заедница ја реализира својата програма преку разни активности поврзани со наставата и вонаставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваат можности за дружење по разни поводи, приредби, празници и други манифестации на локално ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонраставните активности | За реализација на вонраставните активности се следат потребите и интересите на учениците (преку анкети), во кои се изјаснуваат за таа цел. Содржините од вонраставните активности се евидентираат на посебна страна во Дневниците на паралелките.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат изборна различни вонраставни активности.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека се вклучуваат по сопствен избор во вонраставните активности.<br>Поголем бројод учениците се изјасниле дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на вонраставните активности.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури. |
| | Натпревари | **Ученички натпревари, конкурси, приредби, манифестации 2022/2023год.**<br><br>Ученичките натпревари во текот на годината ги опфаќаа активностите преку кои беа презентирани постигањата на учениците во наставата и вонраставните подрачја. Овие натпревари се организираа на ниво на училиштето и тоа низ следните форми: натпревари меѓу поединци во рамките на паралелката, натпревари меѓу екипи на ниво на одделение, натпревари меѓу екипи по одредени наставни предмети на ниво на училиштето. Исто така учениците учествуваа на натпревари и со други училишта во нашатаопштина и пошироко. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

1. Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН,според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата. Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава повратна информација. Часовите се следени од страна на: педагогот, психологот, директорот и со наставниците се прават консултативни разговори.
2. Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците.
3. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат.
4. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците.
5. Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.Заучениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.
6. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.
7. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување сите ученици за време на наставните часови.
8. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава /вонпаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. 9. Наставниците и стручните соработници делумно се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар од Ново Село за унапредување на наставата за учениците со попреченост.
10. ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани до мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по три во рамките на нивните предмети.
11. Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.
12. Стручната служба во соработка со наставниот кадар преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година ги идентификува учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици, а во текот на наставната година се идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства.

| |
|---|
| 13. Според одговорите во интервјуто со директорот и стручната служба наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување,усна повратна информација,чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Според анкетата за ученици, најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена, им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување и ги пофалуваат за нивниот труд. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и Главна книга.<br>14. Училиштето има изготвено посебни програми за реализацијана воннаставните активности, кои се реализираат во текот на целата учебна година. Содржините на воннаставните активности се евидентираат во Дневниците на посебна страна за тоа. Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се: Слободни ученички активности за проширување на занаењата по одделни наставни предмети: млади математичари, биолошка секција, новинарски клуб . Културно уметнички слободни активности: ликовна секција, литературна, драмска и рецитаторска секција. Слободни спортски активности: фудбал, одбојка, кошарка. Во училиштето со по 3 часа неделно беа застапени училишен хори оркестар. |
| **Силни страни**<br><br>Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми;<br>Наставниците изготвуваат тематско - процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот;<br>Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН;<br>Учениците слободно и според своите афинитети, заедно со своите родители, избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат;<br>Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми;<br>Учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и со тоа вршат лична афирмација и афирмација на училиштето;<br>Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година и тематски процесни планирања кои ги доставува или на почетокот на годината за целата учебна година или една седмици пред почетокот на секоја нова тема;<br>Наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања;<br>Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта;<br>За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето;<br>Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот;<br>Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози и преземање одговорност;<br>Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: дополнителна настава, додатна настава и слободни ученички активности, преку темелно објаснување на материјалот;<br>За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите.<br>Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем. |

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>Оптовареност на учениците со голем фонд на часови;<br>Проширување на знаењата и вештините на учениците преку учество во воннаставни активности;<br>Обновување на фондот на нагледни средства и дидактички материјали;<br>Усовршување и афирмирање на стекнатите знаења и вештини преку практична примена;<br>Реализација на наставни содржини надвор од училница;<br>Училиштето не располага со доволен број на училници за одделенска настава;<br>Родителите не даваат помош и поддршка за набавка на наставни средства и материјали;<br>Родителите не се доволно вклучени во образовниот процес на своето дете;<br>Недостаток на соодветен кадар; |
| **Приоритети**<br><br>Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција;<br>Набавување на асистивна технологија и обука на кадарот за работа со асистивна технологија. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Интервју направено со претставници од стручна служба(психологогот на училиштето)<br><br>-анкети спроведени со ученици,родители и ученици<br><br>-Годишни планирања на наставниците<br><br>-извештаи од спроведените тестови за идентификација на учениците<br><br>-евидентни листови<br><br>-Е-дневник<br><br>-Анализа на постигањата по различен карактер и квалификационен перид и акциски план за подобрување<br><br>-Евидентни листови<br><br>-Годишен извештај за работата на училиштето | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето прибира податоци за успехот на учениците по пол и јазик на настава на секој квалификационен период и истите ги анализира.Од добиените податоци се покажа дека девојчињата постигаат поголем успех од момчињата.Анализите покажуваат дека учениците кои наставата ја следат на македонски јазик постигнуваат повисок успех од учениците на турски наставен јазик.<br>Од 65 анкетирани наставници само 15 %целосно се согласуваат дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за своето дете по нивниот предмет,83% делумно се согласуваат а двајца наставници воопшто не се согласуваат. |
| | Резултати од екстерни тестирања | |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Учениците со тешкотии во учењето,надарените ученици и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишаните процедури.При уписот во прво одделение се идентификуваат учениците со попреченост ,кои се испраќаат за проценка во МКФ и ако има потреба се доделува образовен/личен асистент.<br>Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат преку успехот во евидентните листови,разговор со учениците, родителите и наставниците.По потреба се одржува дополнителна и консултативна настава.<br>Наставниците изработуваат ИОП како дел од годишните планирања.<br>Училиштето има формирано училишен тим за инклузија кој помага на наставниците и учениците.<br>Училиштето има систем за идентификација на надарени ученици во кој се користат тестови (КТЗ,Равенови прогресивни матрици,домино тест,тест за внимание,тест на недовршени реченици,човечка фигура и сл.),индивидуални разговори и следење на напредокот и постигањата по периоди.Идентификуваните надарени ученици посетуваат додатна настава и |

| | | |
|---|---|---|
| | | учествуваат на натпревари по соодветните предмети. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | На спроведената анкета меѓу 60 родители дури 96,5 % одговориле дека се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивните деца,а само 3,4 % од нив не се согласуваат со истата констатација.<br>Исто така на спроведената анкета меѓу 83 ученици 89,2% одговориле дека нивните родители постојано се известувани за нивниот напредок,а не се согласуваат 6% и воопшто не се согласуваат 2,4% од анкетираните ученици.<br>Од 65 анкетирани наставници 97% изјавиле дека на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето,а само 3 % не се согласуваат со констатацијата. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишен извештај за работата на училиштето<br><br>-Извештаи за редовноста на учениците правени за секој период.<br><br>-Интервју направено со претставници од стручна служба(психологогот на училиштето)<br><br>-е-дневник<br><br>-Записници од одржани советувања со родители/старатели<br><br>-Анкети спроведени со учениците,родителите и наставниците<br><br>-Записници од спроведени Родителски средби и индивидуални средби со родители | Редовност во наставата | Редовноста на учениците сеуште не е на задоволително ниво.Просечниот број изостаноци е доста висок.Голем број изостаноци се направени од ученици кои се заминати во странство како азиланти.На ниво на училиште учебната 2023-24 година има напревено 31654 изостаноци од кои 20520 оправдани и 11134 неоправдани.<br>За намалување на бројот на изостаноци училиштето презема мерки:разговори и советувања со родители,разговори со ученици,посета на семејствата од страна на стручната служба.<br><br>Ако ученикот не посетува настава континуирано еден месец ,се пријавува на општински просветен инспектор кој понатаму покренува постапки пред надлежните институции. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Согласно Законот за основно образование ,училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците ,за што води уредна документација.<br>Родителот се повикува на советување ако ученикот во тековниот завршен перид има 3 или повеќе негативни оценки или има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци.Исто така советување на родителот има и како ученикот не е дисциплиниран,покажува асоцијално или антисоцијално однесување.Психологот на училиштето го врши советувањето по претходно изготвен неделен и месечен план за одржување на советувањата.<br>Доколку родителот не се појави на советување и после третата покана ,се известува ЦСР како и Педагошката служба –Скопје.<br>Учебната 2023-24 остварени се вкупно **116** советувања со родители и направени се вкупно **21** домашни посети во домот на учениците.<br>Оваа учебна година (2023-24) советувањата овозможиле делумно подобрување на редовноста и несоодветното однесување на учениците. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Од вкупно 55 родители кои пополнувале анкетен лист ,на констатацијата : **“На моето дете му е овозможена дополнителна и додатна настава доколку има потреба”**, 51% целосно се согласуваат дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава,44% се согласува со истата констатација а 3,6% од родителите не се согласуваат.<br>Од 57 родители кои одговарале на констатацијата :**”Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете”**,,39% одгоговориле |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека целосно се согласуваат, 44% се согласуваат а 17% не се согласуваат.<br>На анкетата спроведена со учениците,на прашањето **“Дали наставниците постојано ве поттикнуваат на подобрување на успехот “**,од 87 прашани ,83% целосно се согласуваат или се согласуваат, 7% не се согласуваат или 4,6% не знаат што да одговорат.<br>На прашањето: **“Доколку не можам да го совладам наставниот матерјал,наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различен начин”,** од 85 прашани ученици,81% одговориле дека целосно се согласуваат или согласуваат,13% не се согласуваат и 6% не знаат.<br><br>На прашањето **:“Дали наставниците нудат додатна настава”,**од 81 ученик,54% одговараат позитивно,40 %одговараат негативно, а 6% не знаат. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во Подрачјето бр. 2 Постигања на учениците се врши оценување на :<br><br>Следењето на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>Резултатите од екстерни тестирања<br>Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците<br>Мерки за подобрување на редовност во наставата<br>Советување родители/старатели и ученици<br>Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br><br>Сите податоци кои се добиени при Самоевалуацијата се од напревените анкети меѓу наставниците,родителите и наставниците,потоа преку интервјуа со психологот и директорот на училиштето и непосредни податоци добиени од извештаи од одржани разговори со родители,извештаи од родителски средби и извештаи од состаноци на Наставнички совет. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>Идентификување на талентирани и надарени ученици и нивно насочување кон областа во која се најдобри преку додатна настава и учество на натпревари( последните две години имаме освоено најголем број државни награди по биологија , математика,англиски јазик,македонски јазик и сребрен медал на Математичка олимпијада.<br><br>Добро организирана и ефикасна Стручна служба која организира советувања на родители и домашни посети (остварени се вкупно 1106 советувања со родители и 21 домашни посети). |
| **Слаби страни**<br><br>Недоволен број на образовни асистенти кои би работели со учениците со посебни образовни потреби(во училиштето има само еден образовен асистент).<br>Голем број неоправдани изостаноци направени од ученици кои заминуваат во странство без преведница.Во последната 2023/24 година има напревено 31 675 изостаноци од кои 11 154 се неоправдани.<br>Недоволен број реализирани часови за додатна и дополнителна настава со некои ученици поради сменското работење на училиштето и поради поврзаноста на учениците со редовен превоз. |

**Приоритети**

Зголемување на бројот на образовни асистенти кои би помагале на ученици со посебни образовни потреби.
Зголемување на бројот на часови дополнителна настава особено за учениците од турската националност,кои покажуваат послаб успех во споредба со учениците од македонска националност.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето:** ООУ “Гоце Делчев” **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Углед/имиџ на училиштето | Со цел прибирање на податоци за анализа на темата,разгледувани беа соодветните документи во оглед на темата,имено интервју со директорот и стручната служба на училиштето, полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, како и начините на пофалување и охрабрување на учениците со особени постигања, како во училиштето така и во општинските, регионалните и државните натпревари.<br><br>Училиштето ’’Гоце Делчев’’ Василево, е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира меѓуетничка интеграција, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Вклучувајќи се на проекти од МОН за унапредување на меѓуетничката интеграција и реализирање на заеднички воннаставни активности. Во него се реализираат повеќе проекти како што се Проектот за Меѓуетничка интеграција на образованието.<br>“ООУ Гоце Делчев” активно се вклучува во годишната “Празијада”, манифестација која се организира на ниво на општината . настанот има за цел да ја прослави македонската кујна, традиции и културно наследство преку специјалитети направени од праз.<br>Учениците од “ООУ Гоце Делчев’’ изведуваат традиционални песни, ора, кои го збогатуваат настанот и ја пренесуваат македонската култура преку уметнички настани. |
| | Кодекс на однесување | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Од анкетираните (55 ) родители, На тврдењето „Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето“, поголем број целосно се согласуваат ( односно 45 |

| | | |
|---|---|---|
| | | родитела 81 %) . Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (10 родитела 19% ) . Резултатите кажуваат дека родителите се запознати со кодексот на однесување во училиштето. Тоа е така, затоа што на родителските средби во училиштето, родителите се запознаваат со предлог Кодексот на однесување во училиштето, со можност за дополнување, или корегирање на одредени правила., кое се потврдува од одговорите на наредното тврдење „Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување“, од анкетираните 55 родитела, голем број не се согласуваат (48 родители 87%) и се согласуваат (7 родители 13%). Голем број од анкетираните родители не се согласуваат .<br><br>Од анкетираните 87 ученика, на тврдењето „Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме“, поголем број ученици целосно се согласуваат (78 ученици се согласуваат 89%) дека е така . Мал број од анкетираните ученици одговорија дека не се согласуваат со тврдењето (9 ученика 11% ) Најголем дел од учениците се изјаснија дека правилата на однесување во паралелката/одделението, кои се дел од кодексот на однесување во училиштето, ги донесуваат заедно, и ги почитуваат. Иако е мал бројот на ученици( 10%) кои одговориле дека правилата во одделението не ги донесуваат заеднички, сепак не е добро, затоа што сите ученици треба да учествуваат во донесување на правила на однесување во училиштето, доколку сакаат да учествуваат, се со цел понатаму истите да ги почитуваат. Од анкетираните 87 ученика, на тврдењето „Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето“, поголем број ученици целосно се согласуваат со тврдењето (87 ученици 100%).Сите ученици, без исклучок се запознати со интерниот правилник за изречување на педагошки мерки, доколку не ги почитуваат, односно ги прекршуваат правилата на однесување во училиштето.<br><br>Од интервјуто со директорот и стручната служба, од увидот во годишната програма за работа на училиштето и со увид во просториите на училиштето(истакнат во холовите на училиштето и во секоја училница).<br>Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на најголем дел од наставнциите, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Во изработката на кодексот учествувале најголем број од наставниците во училиштето и мал број од анкетираните родители.<br>Училиштето врши редовно ажурирање на содржината на кодексот на однесување, |

| | | |
|---|---|---|
| | | кој ги вклучува сите засегнати страни. |
| | Училишна клима | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Беа анкетирани 55 родители. На тврдењето „Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците“, голем број од родителите целосно се согласуваат дека е така(48родитела 87% ) и голем број се согласуваат . Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат со тврдењето (6родитела 12%) и дека нема информација/не знае (1 родител 1% ). Генерално, 55 родители се согласуваат дека децата им се прифатени и почитувани во училиштето, од страна на наставниците. Слична е состојбата со почитувањето на децата од соучениците. На тврдењето „Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците“, од анкетираните 55родитела, голем број целосно се согласуваат дека е така (40 родитела 72% ) и голем број се согласуваат (10, или 16 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (5родители 2% ) . На тврдењето „Моето дете сака да оди на училиште“, голем број од родители целосно се согласуваат (48 родители или 87%) и се согласуваат (3 родители или 5%), а мал број не се согласуваат со тврдењето (4 родитела 8% ).<br><br>Анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно“, поголем број целосно се согласуваат со тврдењето(76ученика, 87% ), мал број се согласуваат (8ученици или 7 %), не се согласува (3 ученик, 6% ) , . На тврдењето „Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици во училиштето“, од анкетираните 87 ученика, поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (80 ученика, 92% ), мал број се согласуваат (5 или 5%), исто така мал број не се согласуваат (2 ученика, 3%). Во однос на тврдењето „Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“, од анкетираните 87 ученика, поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (80ученика 92%), мал број се согласуваат (5 или 5%), еден ученик не се согласува ( 2ученика или 3%) . На тврдењето „Сакам да одам на училиште“, од анкетираните 87 ученика, поголем број целосно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат и одговориле дека сакаат да одат на училиште (78 ученика, 90%), мал број се согласуваат дека е така (6 ученици 7% ), а исто така мал број не се согласуваат со тврдењето (3 ученика,3%). Во однос на тврдењето „Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми", голем број од учениците целосно се согласуваат дека е така (78 ученика, 92% ), мал број се согласуваат (5 ученика, 6%), исто така мал број не се согласуваат (4ученика, 4% ). |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Беа анкетирани 55 родители. На тврдењето „Училиштето добро се справува со дисциплината , голем број целосно се согласуваат дека е така во училиштето (45родитела 82% ) и голем број се согласуваат (5 родитела 9% ). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (5 родитела, 9%)<br><br>Анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици", поголем број од учениците целосно се согласуваат (80ученика, 92%), голем број ученици се согласуваат (4 ,или 5% а мал број не се согласуваат (3 ученика,3% ).<br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Каква е дисциплината на нјголем дел од часовите?Колку учениците го слушаат наставникот, се сослушуваат меѓусебно?Колку време од часовите е посветено на предавање/учење, а колку на „смирување" на учениците? се добија информации дека генерално дисциплината на часовите е задоволително ниво. Ако подучувањето се состои од помагање на децата да научат нови вештини и да стекнат нови информации, тогаш логично следува дека подучувањето вклучува и промена во однесувањето. Ако подучувањето значи промена на однесувањето, тогаш улогата на наставникот е да се грижи за однесувањето на учениците во неговото или нејзиното одделение. Колку учениците го слушаат наставникот, учениците одговориле дека тоа варира од предмет до предмет и од личноста на наставникот. На прашањето зошто понекогаш децата се недисциплинирани според учениците причините се сведуваат на карактерот на детето, емоционалните проблеми на детето и училишните ситуации, кои понекогаш произлегуваат од самите наставници, како тие се однесуваат на часот, нивниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | строг(авторитарен) стил, понекогаш поради непочитување на правилата на однесување и сл. Според учениците мал дел од часот се посветува на смирување на учениците и тоа е најчесто за зборувањето на часот(надвор од она што се работи на часот). Од интервјуто со директорот и стручната служба, работната дисциплина за време на часовите и надвор од часовите задоволува и постои работна атмосфера во училиштето. Во текот на цела учебна година се реализираат содржини од Програмата за дисциплинирано однесување во училиштето. Распоредот на дежурства се следи според однапред поставените правила, дежурните наставници внимаваат на дисциплината како за време на одморите помеѓу часовите, така и за време на големиот одмор. Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето. Меѓутоа, мал број од родителите посочија дека не се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Беа анкетирани 55 родитела. На тврдењето „Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето“, голем број од родителите целосно се согласуваат дека е така (47 родитела85% ) и голем број се согласуваат (4 родитела 7%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (2 родитела4%) и мал број дека немаат информација/не знаат (2родитела 4%).<br><br>Во однос на прашалниците за учениците, анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето „Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето“, голем број од учениците целосно се согласуваат (77ученика 88%, ), голем број се согласуваат дека е така (7ученика 8%), а 1 ученик не се согласува (1% ) и мал број дека не знаат/немаат информација (2ученика 2%). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од спроведеното интервју со директорот и стручната служба, се добија следниве информации: Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител активно учествуваат во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, во организирање и учество во хуманитарни активности, еколошки акции, како и учествуваат во активности за обезбедување на врсничка поддршка, даваат предлози за вонншаставни активности и преку свои претставници учествуваат во Совет на родители и Наставнички совет. Најчесто Ученичкиот парламент се поканува да учествува на состаноци на Наставнички совет на крај на полугодие и учебната година, а на Совет на родители и Училиштен одбор кога станува збор за реализирање ученички екскурзии и кога треба да се организираат некои активности кои имаат значење и се поврзани со локалната самоуправа. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето, меѓутоа кога меѓу учениците ќе се појават некои конфликти, повеќе се обраќаат до одд. раководители, стручната служба и директорот.<br><br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Колку сте запознаени со работата на Ученичкиот парламент во училиштето? Какви активности спроведува парламентот? Како сте задоволни со активностите? На кој начин учениците можат да влијаат на работата, преку претседателите на паралелки? Учениците одговорија дека се запознати со работата на ученичкиот парламент и дека поголем дел од нив учествувале во изработка на годишната програма за работа на ученичкиот параламент. Според нив, ученичкиот парламент спроведува повеќе активности во училиштето: учество во хуманитарни акции, хортикултурни активности во училишнио хол и училишниот двор, еколошки акции и сл. Секогаш кога имаат потреба за нешто, или предлог – идеја за некои активности, ги пренесуваат на претседателите на паралелкатаи тој ги пренесува понатаму на состаноците на ученичкиот параламент.<br><br>Во училиштето функционираат Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштео. Во училиштето има Ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат |

| | | |
|---|---|---|
| | | најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Познавање и почитување на правата на децата | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Од родителите, анкетирани беа 55 родитела. На тврдењето „Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето", голем број од родителите целосно се согласуваат (45 родитела 81% ) и голем број се согласуваат (6 родитела 11%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (3 родитела 5%), и мал број дека немаат информација/не знаат (2родитела 3%).<br><br>Од учениците, анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права", поголем број од учениците целосно се согласуваат ( 80 ученика92% ), голем број дека се согласуваат (3 ученика3% ). Исто така, мал број одговорија дека не се согласуваат (3ученика3% ), а мал број целосно не знаат/немаат информација (1ученик 2%).<br><br>Од интервјуто со директорот и стручните служби се дозна дека во последно време повеќе се става акцент на почитување на детските права, на превенцијата и заштитата од насилство, на промовирањето еднаков и правичен третман кон сите ученици. Тоа се врши преку активности и работилници кои се реализираат на одделенските часови, како и работилници кои ги водат стручните соработници во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Колку во училиште се чувствувате сигурно и безбедно? Колку се почитуваат вашите права како деца/ученици? учениците одговориле дека се чуствуваат безбедно во училиштето, се почитуваат нивните права како ученици, слободно ги искажуваат своите мислења, добиваат поддршка од наставниците за нивните идеи и предлози за иницијативи кои се од нивен интерес. Со самото доаѓање на учениците во училиштето, одделенскиот раководител, предметните наставници, стручната и административната служба ја преземаат грижата за секој ученик подеднакво без разлика на полот и етничката припадност. Сите наставници се трудат да воспостават поеднаков визуелен контакт и да посветат подеднакво внимание на сите ученици, без оглед дали седат напред или назад во училницата. Училиштето се грижи за заштитата на учениците со почитување на стандардите, нормативите и други прописи кои ја уредуваат сигурноста при работата. Училиштето ги штити учениците од вознемирување, дискриминација, од намерно понижување на други ученици, работници во училиштето или други лица кои доаѓаат во училиштето.<br><br>На прашањето: Колку учениците ги почитуваат своите обврски? Колку ги почитуваат правилата воспоставени во училиштето? (Дали учениците се вклучени во поставување на правилата?), тие одговориле дека генерално ги почитуваат своите обврски, но има мал број на ученици кои не ги почитуваат(нередовно даоѓаат на училиште, не ги извршуваат домашните задачи). Правилата воспоставени во училиштето се почитуваат од страна на учениците, а во донесување на правила на однесување во паралелката учествуваат најголем дел од учениците, ги изготвуваат и почитуваат. Има многу мал, незначителен дел од учениците кои не учествуваат во донесување на правилата за однесување во паралелката. Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Од анкетираните 55 родитела, на тврдењето „Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго“, најголем број од родителите целосно се согласуваат (40 родитела 73% ), мал број се согласуваат дека е така (7родитела 13%), а мал број од родителите одговорија дека не се согласуваат со тврдењето (8родитела14% ). Генерално резултатите кажуваат дека нема дискриминација во училиштето по било кој основ, а бројкта од родители кои одговориле дека не се согласуват со тврдењето, ќе ни биде порака, дека во тој дел треба да се работи повеќе, затоа што во училиштето не е дозволено, ниеден ученик да биде дискриминиран. На тврдењето „Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците“, голем број од родителите целосно се согласуваат со тврдењето (48 родитела 87% ), голем број се согласуваат (5родитела 9% ), мал број не се согласуваат (2 родитела 4%). Родителите се согласни дека при нееднаков треман на учениците, училиштето навреме и соодветно реагира и ги санира ваквите појави.<br><br>Од учениците, анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици“, поголем број од учениците целосно се согласуваат (65 ученика 75% ), голем број се согласуваат (12ученика 14% ), а мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (10 ученика11% ). На тврдењето „Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици“, поголем број од учениците целосно се согласуваат (57 ученика 66% ), мал број дека се согласуваат (16 ученика 18% ). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (14 ученика 16%) . Од анкетираните 87 ученика, на тврдењето „Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици“, голем број одговорија дека целосно се согласуваат (57 ученика 65% ), мал број дека се согласуваат (12 ученика 14% ), мал број дека не се согласуваат ( 18 ученика 21%) . Најголем дел од учениците се изјаснија дека во училиштето и за време на часовите добиваат еднакво учество во различните активности. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Беа анкетирани 55 родитела. На тврдењето „Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето“, голем број целосно се согласуваат (45 родитела 82% ) и голем број се согласуваат (6родитела 11%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (2родитела 3%) и мал број дека немаат информација/не знаат (2 родитела 4% ). Исто размислуваат и родителите, кои го потврдуваат со одговорите кои се однесуваат на тврдењата поврзани со почитување и влијание на нивните мислења и ставови за унапредување на ВОП.<br><br>Од дискусијата во фокус групата со родители на: тврдењето: „Дали и колку се вклучени родителите во наставни и вонnаставни активности во училиштето“? Родителите одговориле дека биле често вклучувани во активности во училиштето, најчесто во активности кои ги нудат самите самите предмети, пример Посета на Музеј(историја),посадување на зимзелени дрвца и цвеќиња(биологија), училишни активности- изработка на хамери на одредена тема, посета на знаменитости. Во воннаставни активности, родителите се изјасниле дека редовно учествуваат во хуманитарни акции, новогодишни базари и сл. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на повеќе нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето.Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Од учениците, анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето: „Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем“, поголем број од учениците целосно се согласуваат ( 78 ученика 90% ), голем број дека се согласуваат (3 ученика 4% ), а не се согласува (1 ученик 1%) и мал број од учениците одговориле дека целосно не се согласуваат (5 ученика 5% ). Од добиените информации од фокус групата со наставници и од интервјуто со директорот и стручната служба, училиштето соработува со локалната заедница преку низа општествени, културни и образовни активности. Со вклучување на манифестации кои се организираат по различни поводи како што е приемот на првачињата во Детската организација, со посета на локалитети од нашата локална средина, преку учество на трибини, дебати, форуми и сл. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Превенција и заштита од насилство | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Анкетирани беа 55 родитела. На тврдењето: „Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство“, голем број од родителите целосно се согласуваат (44 родитела 80% ), голем број се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | (5 родители 9%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (3 родитела 5%), мал број дека целосно не се согласуваат (2 родитела 3% ) и мал број родители немаат информација/не знаат (1 родител 3% ). Резултатите од овие одговори кажуваат дека најголем дел од родителте се запознати со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, но не сите. родители се изјасниле дека не се запознати со протоколот, или незнаат дека постои.<br><br>На тврдењето: „Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти“, голем број од анкетираните родители целосно се согласуваат (41 родитела 74%) и голем број се согласуваат (6 родитела 11%). Мал број од родителите одговорија дека не се согласуваат ( родитела), целосно не се согласува (6 родитела 11% ) и нема информација , или не знае (2 родитела4% ). Исто така и овде имаме мала бројка на родители, но ја имаме, дека не се запознати дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти. Од анкетираните 55 родитела, на тврдењето: „Училиштето добро се справува при појава на насилство“, голем број од родителите целосно се согласуваат (45 родитела 81%), голем број се согласуваат (5 родитела 9%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (3 родитела 5% ) и мал број дека немаат информација/не знаат (2 родитела 5% ). Повторно податоци кои кажуваат дека многу мал број на родители, но сепак постои дека училиштето добро се справува при појава на насилство. Тоа најверојатно се должи на слабата информираност на родителите за тоа.<br><br>Од учениците, анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето: „Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето“, поголем број од учениците целосно се согласуваат (75 ученика 86% ), голем број дека се согласуваат (6 ученика 7%). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (4 ученика 4%) и целосно не се согласува (2 ученика 3% ). Најголем дел од учениците знаат како треба да постапат ако им се случи или забележат дека има врсничко насилство во училиштето.<br><br>На тврдењето: „Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство“, поголем број од анкетираните ученици целосно се согласуваат (57 ученика 65% ) и мал број дека се согласуваат (13 ученика 15%). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (6 ученика 7% ), целосно не се согласува (5 ученика 6%) и не знае/нема информација исто така ( 6 ученика 7% ).Од анкетираните ученици 87 или 100% се изјасниле дека во училиштето се работи |

| | | |
|---|---|---|
| | | на решавање на конфликти и спречување насилство(работилници, дискусии, дебати и сл). Сепак има такви кои не мислат така.<br>Од дискусијата во фокус групата со родители на прашањата: „Колку се задоволни од грижата за општата добросостојба на нивните деца во училиштето“? „Имаат ли можност да се обратат некому кога имааат проблем“? (43 родители 78%)одговориле дека се задоволни од тоа како училиштето, односно наставниците се грижат за добросостојбата на нивните деца. Тие дополнително се изјасниле дека кога имаат некој проблем, најчесто и најпрво се обраќаат кај одделенските раководители, а потоа кај стручните служби.<br><br>Исто така од дискусијата во фокус групата со родители на прашањата: Колку често се случуваат различните видови насилство во училиштето и како училиштето се справува со истите? 85 % од родителите одговориле дека досега немале никаков проблем со насилство врз учениците. Исто така, одговориле дека доколку имаат некаков проблем поврзан со насилничко однесување од страна на учениците, го пријавуваат на одделенскиот раководител. Исто така родителите одговориле дека кога се случува некое од децата да манифестира несоодветни облици на однесување, во тој случај, родителите се повикуваат на советување кај училишниот психолог/ педагог.<br><br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Дали има насилство(физичко, психолошко,сајбер) помеѓу учениците, или од страна на наставниците?Како се решваат случаите на насилство? Учениците одговориле дека во училиштето е забрането секаков облик на насилство. Исто така, учениците се изјасниле дека во училиштето нема појава на насилство помеѓу учениците(освен некои мали несогласувања помеѓу учениците), а исто така, од страна на наставниците нема насилство врз учениците. Доколку се појави некој вид на насилство, учениците знаат каде да се обратат. Тие, исто така, знаат дека за секаков вид на несоодветно |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Анкетирани беа 55 родитела. На тврдењето: „Во училиштето се преземаат мерки за превенција од алкохол, пушење и дрога“, голем број од родителите целосно се |

| | |
|---|---|
| | согласуваат ( 42 родитела 76%) и голем број се согласуваат (5 родитела 9%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (4 родитела 7%), целосно не се согласува (4 родитела 8%) . 00 родители знаат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција од алкохол, цигари и дрога.<br><br>Анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето: „Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства", голем број од учениците целосно се согласуваат ( 74 ученика 85% ), голем број дека се согласуваат (6 родитела 7% ). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (3 ученика 3%). 4 ученика се изјасниле дека учествувале во работилници за заштита од штетни влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, а само 1 одговорил дека не учествувале<br><br>Во Годишната програма за работа има и програма за превенција од штетното влијание на тутунот. Од страна на стручната служба и наставникот по билогија се реализираат содржини од оваа програма со ученици почнувајќи од шесто до деветто одделение.<br>Сметаме дека информираноста на учениците придонесува да си го чуваат здравјето и кај нив да се побуди свест за здрав живот, како и за последиците кои може да се појават од овие пороци. |
| Квалитет на достапна храна | Во училиштето ''Гоце Делчев'' нема постапност на храна. |
| Хигиена и заштита од болести | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Анкетирани беа 55 родитела. На тврдењето: „Хигиената во училиштето е на високо ниво", голем број од родителите целосно се согласуваат (41 родитела 74% ) и голем број се согласуваат (6 родитела 11%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат ( 8 родитела15% ). Сепак најголем дел од родителите се согласуваат дека хигиената на училиштето е на високо ниво.<br><br>Анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето: „Училиштето е чисто и уредно", голем број од учениците целосно се согласуваат (72 ученика 82% ), голем број дека се |

| | |
|---|---|
| | согласуваат (6 ученика 7%). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (5 ученика 6% ) и целосно не се согласува (4 ученика 5% ). Овде состојбата е слична и учениците се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, само 12 ученика не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена, почнувајќи од најрана возраст да ги научи на хигиенски навики. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден(учениците реализираат еколошки и хортикултурни активности,заедно со наставниците. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има повеќе вработени кои имаат сертификат за давање на прва помош, и има кутија со потребните медицински средства за прва помош, поставена на видно место во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето ''ООУ Гоце Делчев'' се организираат едукативни програми и обуки за учениците и вработените за реагирање во интни ситуации, како пожар, земјотрес, или инциденти од насилство.<br>Одржување редовни вежби за евакуација за да се утврди дека сите знаат како да реагираат во случај на опасност.<br>Во училиштето се организираат обуки за наставници за Итна медицинска помош, со кои наставниците се стекнуваат со стертификати. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства<br><br>За да им се помогне на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства наставниот кадар и учениците кои се во можност донираат облека и храна. Претходните 2 години општината обезбедува еднократка финансиска поддршка за учениците од прво одделение. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е прашалници за родителите и учениците. Анкетирание беа Родители и ученици, и беше направено интеврју со директорот на училиштето и стручната служба на училиштето.<br><br>По анкетирањето се добија следните податоци :<br><br>Анкетирани беа 55 родитела. На тврдењето: „Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете“, голем број целосно се согласуваат ( родитела ) и голем број се согласуваат (). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат ( родитела ), мал број дека целосно не се согласуваат ( родитела ) и мал број дека немаат информација/не знаат ( родитела ). Голем дел од родителите се согласуваат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивните деца. Има одредени родители () кои не се согласуваат со ова тврдење, што значи дека треба да се поработи на тоа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Од анкетираните родители, на тврдењето. „Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете“, голем број целосно се согласуваат ( родитела ) и голем број се согласуваат (). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат ( родитела ), мал број дека целосно не се согласуваат (родитела) и мал број дека немаат информација/не знаат ( родитела ).Исто така, и овде голем број од родителите () се согласиле дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете, а не се согласуваат со таквото тврдење,<br><br>Анкетирани беа 87 ученика. На тврдењето: „Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник“, поголем број од учениците целосно се согласуваат со тврдењето ( ученика ), голем број се согласуваат (), а мал број ученици одговорија дека не се согласуваат ( ученика). Најголем дел од учениците одговориле дека кога имаат потреба можат да се обратат до одд. раководител или на друг наставник.<br><br>Од анкетираните ученици, на тврдењето: „Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето“, поголем број од учениците целосно се согласуваат ( ученика ), голем број дека се согласуваат (). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат ( ученика ), целосно не се согласува () и не знае/нема информација ( ученик). Ист број на ученици одговориле дека можат слободно да побараат помош од педагогот или психологот на училиштето. Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Имате ли каде да се обратите доколку имате проблем, се чувствувате лути, тажни, ислашени или сл.? Како вообичаено постапувате во вакви случаи? Учениците одговориле дека се запознати дека во училиштето постои стручна служба за советување на учениците, каде можат да добија било каква помош и поддршка кога имаат проблем со другарите, кога имаат некои конфликти, омраза, или друг вид на несоодветно однесување. Доколку се чувствуваат лути, тажни, ислашени вообичаено го информираат одделеснкиот раководител, кој најпрво разговара со нив, а потоа ги упатува на советување кај стручната служба.<br><br>Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Тие се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели, или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Стручната служба има чести средби со ученици кои се соочуваат со проблеми од различна природа, а средбите најчесто се преку советодавни разговори. Во училиштето се |

| | | |
|---|---|---|
| | | спроведуваат активности за социо-емоционално учење. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето Гоце Делчев Василево, е препознатливо како основно училиште кое промовира меѓуетничка интеграција, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Исто така, училиштето е препознативо по<br><br>Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на најголем дел од наставниците, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура.<br><br>Меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административно-технички персонал. Се соработува и на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети околу работи поврзани со воспитно-образовниот процес. Во училиштето не постои говор на омраза,провокации и навреди. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење.<br><br>Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето.<br><br>Во училиштето функционираат Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштео. Во училиштето има Ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето.Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се покануваат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>1. Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира меѓуетничка интеграција , дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница.<br>2. Училиштето, за афирмирање на наставните и на воннаставните активности, како и за промовирање на меѓуетничка интеграција, соодветно ги користи различните медиуми(интернет страница, социјални мрежи, локални медиуми, ученичко катче и сл.)<br>3. Училиштето има изградено систем на промовирање на постигнувањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Во него се реализираат повеќе проекти како што е проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.<br>4. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.<br>5. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.<br>6. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на |

| |
|---|
| насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.<br>7. Училиштето е препознатливо во средината по идентификувањето и обезбедувањето материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства.<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. |
| **Слаби страни**<br><br>1. Иако постои голема соработка со општината, владините и невладините организации, сепак недостасуваат официјални меморандуми за соработка со дел од главните актери во урбаната заедница.<br>На ниво на општина не е достапен понудувач на храна за учениците, така што учениците или носат храна од дома или купуваат од локалните маркети. На локално ниво треба да се посвети внимание на подобра едукација во однос на дополнителни избори за храна и возможен избор за понудувач на храна за учениците. |
| **Приоритети**<br><br>1. Ресурси за изведување на дигитална настава<br>2. Опремување на училниците за кабинетска настава<br>3. Енергетска ефикасност на училиштето<br>Кариерен центар |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br><br>Деловник за работа на училишниот одбор;<br><br>Сатут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br><br>Развојна програма на училиштето;<br><br>Програма за работа на директорот;<br><br>Програми за професионален развој;<br><br>Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br><br>Интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; | Управување со училиштето | Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети.<br>Училишниот одбор донесува визија и стратегија на работа за ефективно, продуктивно и квалитетно функционирање на внатрешнао организациската работа на училиштето. Училишниот одбор во училиштето врши надзор и обезбедува поддршка, расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето(избор на клучен персонал, финансиски надзор,следење на квалитетот на оценување, подобрување на односите со централната и локалната власт ) кои во негова надлежност се утврдени со закон,подзаконски акти и нормативните акти на училиштето.Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот научилиштето. УО брои 7 члена и тоа: тројца членови претставници од наставничкиот совет, тројца членови претставници од Советот на родители и еден претставник од Советот на општината. Работата на УО е јасно дефинирана со деловникот за работана УО. Во деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во УО (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници).<br>Членови на УО се со легитимен мандат и би требало сите да имаат поминато обука за својата работа.<br><br>Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител Габриела Јованова.<br>Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.<br>Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на високо ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; | | Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.<br>Училишниот одбор во интерес на спроведување на развојната програма на училиштето континуирано ја следи и работата на раководниот орган и вработените, поддржува и следи професионален развој на наставниците, ги следи резултатите и напредокот на учениците, нивното здравје и детски права, поддржува осовременување и подобрување на работните услови, како и континуирано интезивира соработка со телата на училиштето и општествената заедница.<br>Најголем број од родителите(53%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br><br>УО има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието.<br><br>Состаноците се одржуваат и се реализираат во согласност со деловникот за работана УО.<br><br>УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информаци и за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br><br>УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.<br><br>Училиштето нема одржано обука за членовите на УО која би помогнала успешно извршување на улогата на управување.<br><br>УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието. |
| | Раководење со училиштето | Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Поголем дел од родителите, наставниците и учениците се изјаснија дека се информирани за активностите кои училиштето ги планира за следниот период. Работи тимски |

| | | |
|---|---|---|
| | | при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште.<br>Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Најголем дел од наставниците се изјаснија дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.<br><br>Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот ќе го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br>1. Проекти во соработка со други училишта , МОН, БРО.<br>- Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби;<br>- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците<br>- Еко пакет<br>- Меѓуетничка интеграција на младите во образовниот систем<br>2. Интерни проекти во соработка со здруженија на граѓани, локална и деловна заедница, владини организации.<br>- Професионално и кариерно насочување на учениците.<br>- „Стоп Агресија и Анкциознист –Спорт Терапија за Деца и Младинци“<br>- Е- библиотека<br>- Фонд за иновации и технолошки развој<br>- Министерство за образование и наука |
| | Управување и раководење со ресурсите | За часовите по физичко и здравствено образование се користи спортска сала и отворено асфалтирано игралиште за мал фудбал и ракомет со вкупна површина од 800 метри квадратни кое во моментот е во фаза на реновирање. Од вкупната површина на училишниот двор од која на зелена површина отпаѓа 800 м2 и друга дворна површина 5 690 м2. во која учениците ќе ги одржуваат часовите по физичко образование.<br><br>• Преглед на училниците и кабинетите во ООУ Гоце Делчев, Василево<br><br>Стар крак изграден 1957 година и нов крак изграден 1966 година.<br><br>Реден број Вид на просторија Површина во м2<br>1 Училница бр.1 63 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2 Училница бр.2 50<br>3 Училница бр.3 58<br>4 Училница бр.4 50<br>5 Кабинет по ТО 40<br>6 Училница бр.5 (до скалите) 40<br>7 Училница бр.6 63<br>8 Училница бр.7(поделена ) 31<br>9 Училница бр.8 (поделена) 31<br>10 Училница бр.9 63<br><br>Втор спрат<br>Реден број Вид на просторија Површина во м2<br>1 Училница бр.10(Прилагодена) 30<br>2 Кабинет по информатика 50<br>3 Училница бр.11 63<br>4 Училница бр.12 63<br>5 Училница бр.13 31<br>6 Училница бр.14 31<br><br>• Преглед на училниците во ПУ во Ангелци<br><br>Реден бр. Вид на просторија Површина во m2<br>1Училница бр.1 54<br>2Училница бр.2 54<br>3Училница бр.3 32<br>4Училница бр.4 54<br>5Училница бр.5 54<br>6Училница бр.6 54<br>7Библиотека 13<br>8Помошна просторија 12<br><br>Училишната зграда во с. Ангелци е изградена во 1946 год со вкупна површина 483 м2 , а истата е реновирана во 1996/97 год. И покрај извршеното |

| | | |
|---|---|---|
| | | реновирање на оваа училишна зграда потребно беше целосна реконструкција која беше завршена во Септември 2010 год. А учениците, вработените, родителите до училиштето пристигнуваат по патека која истата година е пуштена во употреба. Патеката е изградена од локалната самоуправа на општина Василево.<br><br>• Преглед на училниците во ПУ Владевци<br>Во населеното место Владевци училишната зграда е изградена 1952 година и истата е реновирана во 2002/2003 година.<br><br>Реден бр · Вид на просторијата · Површина во m2<br>1 · Училница бр. 1 · 48<br>2 · Училница бр. 2 · 48<br>3 · Училница бр.3 · 27<br><br>• Преглед на училниците во ПУ Сушево<br><br>Училишната зграда во Сушево е изградена 1946 година и истата е реновирана во 2009 година и пуштена во употреба.<br><br>Реден бр. · Вид на просторија · Површина во m2<br>1 · Училница бр.1 · 54<br>2 · Училница бр.2 · 55<br>3 · Училница бр.3 · 17<br><br>• Преглед на училниците во ПУ Радичево<br><br>Во населеното место Радичево е изградена нова училишна зграда во 1990 година.Во 2010 беше изградено игралиште.<br><br>Реден бр · Вид на просторија · Површина во m2<br>1 · Училница бр.1 · 56<br>2 · Училница бр.2 · 56 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3 Училница бр.3 42<br>4 Училница бр.4 9<br>5 Месна канцеларија 52<br>6. Ходник 126<br>7. Канцеларија 18<br><br>• Преглед на училниците во ПУ Дукатино<br>Во населеното место Дукатино училишната зграда е изградена во 1939 година а целосна реконструкција е извршена во 2002 година.<br><br>Реден бр. Вид на просторија Површина m2<br>1 Училница бр.1 40<br>2 Училница бр.2 40<br>3 Училница бр.3 20<br>4 Канцеларија 16<br>5 Ходник 24<br>6 Помошна просторија 20<br><br>• Преглед на училниците во ПУ Едрениково<br><br>Наставата во ПУ Едрениково се реализира во нова училишна зграда. Во 2012 год. беше пуштена во употреба нова училишна зграда во која се реализира наставата.<br><br>Реден бр. Вид на просторијата Површинаво m2<br>1 Училница бр.1 32<br>2 Училница бр.2 16<br>3 Канцеларија 12<br>4 Ходник 24<br><br>• Преглед на училниците во ПУ Седларци<br>Наставата во ПУ Седларци се реализира во нова училишна зграда изградена во |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1997 година.<br><br>Реден број Вид на просторијата Површина во m2<br>1 Училница бр. 1 53.94<br>2 Училница бр.2 53.94<br>3 Канцеларија 11.7<br>4 Ходник(1) 23.75<br>5 Ходник(2) 6<br><br>Податоци за училиштниот простор<br><br>Вкупен број на училишни згради 8<br>Број на подрачни училишта 7<br>Бруто површина 23 463,8 m2<br>Нето површина 2426,8 m2<br>Број на спортски терени 3<br>Број на катови 2<br>Број на училници 40<br>Број на помошни простории 6<br>Училишна библиотека, медијатека1<br>Начин на загревање на училиштето-Парно греење на брикети.<br><br>Податоци за училишната библиотека<br><br>Ред.број Библиотечен фонд Количество<br>1. Енциклопедии 220<br>2. Слободна литература 3650<br>3. Лектирни изданија 9430<br>4. Стручна литература 50 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Библиотечниот фонд се води електронски и ги задоволува потребите на училиштето. Библиотеката има пристап до интернет.<br><br>Постоечка опрема и наставни средства:<br><br>Учебници, табли, радиа, костур, географски карти.<br>Компјутери, принтери, графоскоп,триаголници, шестар, 3D форми изработени од дрво. Пластични кругови- дропки-цело, половина, четвртина и тн. Глобуси, една електронска табла. ТВ приемници во одредени училници.<br>Расипан синтисајзер, мандолини и флејти.<br><br>Потребна опрема и наставни средства:<br><br>Игри со форми за редење,вертикални сметалки, сет за конструкција,сложувалки, лаптоп, микроскоп,јаже за скокање, топки, хулахоп, принтер, интерактивна табла<br>Печатар, карти.<br>Интерактвни средства, лаптоп, постери,<br>изданија -лектирни изданија по новата наставна програма -бели табли и маркери за истите -проектор -компјутери.<br><br>Потребни се сите наставни помагала, средства за реализација на наставата по новата концепција. Како и наставни средства потребни за реализација на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставните содржини по предметот музичко образование:<br><br>Кабинет со:<br>-1 Пијано<br>-1сет Детски музички инструменти (ксилофон,триангл,дајре,тропалки,кастањети.....).<br>-25 бр.Блок флејт<br>-1 Компјутер (лаптоп)<br>-Прожектор со интернет поврзување.<br><br>Потребни се електронски табли во секоја училница со достапен интернет во секое време. Потребно е во секоја училиница да има по еден десктоп компјутер.<br><br>Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала не е добра, со тенденција на подобрување поради набавка, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: компјутери, смарт- табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, Историски и географски карти карти, Музички инструменти, фонотека, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за нормално функционирање на воспитно- образовниот процес и др. Компјутери за учениците има само во кабинтетот по информатика. Во училиштето бројот на компјутери во кабинет по информатика ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата по информатика. |
| | Раководење со кадарот | Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот процес го реализираат вкупно 35 наставници во одделенска настава. Во предметна настава 41 наставник. Со стручната служба и раководниот кадар вкупно се 82. лица кои успешно и квалитетно го реализираат воспитно образовниот процес во училиштето.Има несоодветни наставници кои предаваат во предметна настава. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се |

| | | |
|---|---|---|
| | | бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар.<br>Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на Воспитно - образовната дејност.<br>Дел од воспитно - образовниот кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесува нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. . Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење<br>од основачот и се вработува наставен кадар како замена.<br>Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на<br>воспитнообразовниот процес. Работата е потпомогната надополнета и олеснета со двајца образовни асистенти, педагог, психолог и специјален едукатор и рахабилитатор (дефектолог). Во училиштето има еден наставник со звање наставник ментор.<br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе<br>одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е компетентен.<br>Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.<br>Во училиштето добро се води сметка за финансиска поддршка за<br>професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари. Во Програмата за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците.<br>Стручните активи на училиштето редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на унапредување на професионалниот развој,организирање на нагледни часови и сл.<br>Наставниците од одделенска настава ја имаат следено обуката за Новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.<br>Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, психолог и специјалниот едукатор рехабилитатор (во одделенијата каде има ученици со посебни потреби), увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи.<br>Постои соработка со наставници од други основни училишта, факултети и невладини здруженија во општината и пошироко.<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Процедури за креирање научилишната политика | Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:<br>- међуетничка интеграција,<br>- намалување на насилството во училиштата,<br>- намалување на семејното насилство,<br>- секаков вид на дискриминација,<br>- еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,<br>- еколошко образование<br>- грижа за здравјето и исхраната на учениците<br>- безбеден пристап до интернет<br>- безбедно користење на фотографиите на учениците<br>- однесувањето и дисциплината на учениците<br>- евакуирање во случај на опасност<br>- следење и оценување на учениците<br>- промовирање на постигањата на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | - грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>- реализирање на хуманитарни акции<br>- градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта, невладини организации...)<br><br>Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.<br>Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители) |
| | Резултати од развојно планирање | Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето<br><br>Во Програмата за развој на училиштето целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците,родителите, учениците и претставниците на локалната заедница.<br><br>За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.<br><br>Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници и наставни помагала), за сите ученици. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење.<br><br>Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.<br><br>Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината.<br><br>Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од |

| | | |
|---|---|---|
| | | буџетот.<br>Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки од мала вредност.<br>Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки.<br>Јавни набавки со поголема вредност на училиштето се реализираат преку општина Василево.<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (53%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот бара можност да го вклучи училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.<br>Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето коректно планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br><br>Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е добро.<br><br>Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.<br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните |

| |
|---|
| структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и<br>Советот на општината. |
| **Силни страни**<br>- Добро извршена самоевалуација и успешни идентификувани развојни цели во планот за развој на училиштето.<br>- Мотивираност на наставниците за професионален развој и посетата на обуките<br>- Успешна примена на стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план<br>- Отворена комункација и соработка на директорот со наставниот кадар и родителите<br>- Навремено изготвување и доставување на годишната програма<br>- Почитување на законските прописи при донесувањето на важни документи<br>- Совесни и успешни работници редовни присутни на состаноците |
| **Слаби страни**<br>- Училштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.<br>- Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.<br>- Поради недостиг на доволен соодветен наставен кадр, дел од наставниците кои ја реализираат наставата се несоодветни.<br>- Утврдување на ефектите со подобрување на условите и материјалите што ќе се прилагодуваат.<br>- Адаптирање на веќе постоечките материјали.<br>- Вметнување сосема нови програми и материјали.<br>- Подобрување на условите и адаптација на истите.<br>- Постојанна комуникација со специјален едукатор рехабилитатор.<br>- Вработување на лични асистенти. Има само двајца, а потребата во работењето и раеализацијата на наставата покажува потреби за уште такви лица.<br>- Директно вклучување на лица кои работат во центри за лица со попречености.<br>- Подобрување на квалитетот на комуникација меѓу родителите вклучени во образованието, поголема соработка меѓу образовниот кадар, и сите останати тимови во училиштето.<br>- Подобрување на соработката меѓу локалната самоуправа (во наведените општини - Василево) со основното училиште. |

- Сензибилизирање на институциите и пошироката јавност за проблемите и потребите на училиштето.
- Поголема вклученост на УО во градењето на училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.
- Ревидирање и надоградба на програмата за професионалниот развој на наставниците.
- Поголемо учество на родителите во креирањето на целите и нивно следење при начинот на реализација.
- Земање во предвид на мислењата на родителите и учениците при креирањето на политиките.
- Проверка на функционалноста на постојните нагледни средства со кои располага училиштето.
- Обезбедување на повеќе средства за континуирано одржување на постојните наставни средства и помагала.
- Организирање на обуказа членовите на управниот одбор

**Приоритети**

- Ревидирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова примена.
- Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.
- Преземање мерки и активности за санирање на внатрешниот дел, кровот и во ходниците, парната инсталација (радиаторите).
- Проширување за уште две училници. Или целосна реконструкција на училишната зграда во матичното училиште.
- Наменска припрема и прилагодување за едносменска настава.
- Работа во една смена со цел намалување на финансиски и други видови на трошоци.
- Задолжителна обука на наставниците и стручните соработници кои се директно вклучени во воспитно - образовната работа, во согласност со инклузивните принципи, за користење на средства на асистивната технологија, алтернативни средства за комуникација;

- Потребно е унапредување на соработката меѓу Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство со цел создавање механизам за рано препознавање, превенција и навремена идентификација на секоја потреба од дополнителна поддршка за децата.

-Активно учество во проекти ( ширње на мрежи во слкоп со други училишта тука но и надвор од државата) кои ќе придонесат финансиска подршка за реализација и подобрување на квалитетно образование во училиштето.

** Училиштето како социјална средина треба да претставува животен амбиент погоден за учење и живот. Средина отворена кон заедницата и во која учењето е составен дел на животот. Воспитно образовниот процес треба да отвара и претставува можност за реформите во образованието да го насочат своето внимание кон создавање на училиште што ќе ги задоволаува потребите на сите ученици и општеството во целина.Односно во фокусот е неопходноста од прилагодување на училиштето кон образовните потребите на ученикот. Така изграденото училиште ќе ги земе предвид различностите и ќе придонесуваа секоја индивидуа да се развива како личност што критички проценува и заклучува. И ќе ги гради своите ставови и уверувања.

-Ваквото организирано (прилагодено) училиште не само што ја поддржуваат функционалноста, квалитет и работењето во училиштето туку и го подигнуваат над колективизмот, ги ослободуваат човечките капацитети што се неопходни во изградбата на едно демократско општество.

-Затоа образовниот систем брзо и ефективно мора да спроведува  пролагодување на материјали, услови за учениците  за сите нивни образовни потреби.
- Прилагодувањето на материјалите условите и активностите  се едни од њјапотребните промени во воспитнообразовниот процес денес.
- Образовната промена е можност за квалитетен пристап во реформите на образованието. Таа, пред сѐ, е педагошки, а не дефектолошки предизвик со неопходно вклучување на голем број експерти од различни области неопходни за поддршка на децата за да можат максимално да ги достигнат своите можности во процесот на воспитување и образование.
- Учењето е најефикасно во средина што има интерперсонални односи и интеракции, и кога ученикот се чувствува уважен, почитуван и признат.
- Токму во тоа е и нејзината суштина.  Како редовно училиште наша цел во креирање на училишната политика е : Одделенијата да се развијат на начин што ќе одговара на образовните и социјални потреби на секој ученик. Така изграденото училиште ќе ги земе предвид различностите и  ќе придонесуваа секоја индивидуа да се развива како личност што критички проценува и заклучува. И ќе ги гради своите ставови и уверувања.
- И  да се оформат во место каде што секој ученик припаѓа, каде што е прифатен и поддржан од соучениците и сите други членови на училишната заедница.
- Директорот на училиштетео  заедно со УО  и останатите раководни органи најголема  важност треба да дадат во делот на набавка на соодветни материјали, нагледни средства, електронска технологија.       Прилагодување на веќе постојачките материјали во училиштето. Коако различностите на учениците.
- А тоа е можно единствено ако се направат и длабоки промени во образовниот систем. Услов за остварување е културна реконструкција  на  организациskиот училишен  систем